**20171042019**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Врз основа на член 12 став 9 од Законот за занаетчиство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 215/15), министерот за економија донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА РЕШЕНИЕТО ЗА УПИС ВО ЗАНАЕТЧИСКИОТ РЕГИСТАР И ЗАНАЕТЧИСКАТА ДОЗВОЛА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на решението за упис во Занаетчискиот регистар и Занаетчиската дозвола.

Член 2

Решението за упис во Занаетчискиот регистар се издава во А-4 формат на хартија во бела боја.

Формата и содржината на решението од став 1 на овој член се дадени во Прилог 1 кој е составен дел од овој правилник.

Член 3

Занаетчиската дозвола се издава во А-4 формат на хартија во бела боја.

Формата и содржината на Занаетчиската дозвола се дадени во Прилог 2 кој е составен дел од овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 15-3337/9
27 јули 2017 година
Скопје

Министер за економија,
**Крешник Бектеши**, с.р.

ПРИЛОГ 1

Врз основа на член 12 став 6 од Законот за занаетчиство, решавајќи по барањето бр. _________ од __________ година на лицето ______________________ од _______________, ул. ____________ бр. _____, Занаетчиската комора со седиште во _____________ донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за упис во Занаетчискиот регистар**

СЕ ВРШИ УПИС за вршење на занаетчиска дејност на лицето ________________од ________________, ул. _____________ бр. _____, со ЕМБГ________________.
Именованиот ќе ги врши следните дејности:
_______________ - ____________________________________________.
(шифра на дејност) (назив на дејноста)
Фирмата под која ќе се врши дејноста е: _______________________________________________.
Деловното седиште е во ______________, ул. ___________________________________ бр. _____.
Дејноста се запишува во Занаетчискиот регистар под рег.бр. ________.

О б р а з л о ж е н и е

Лицето ___________________ од ________________, ул. _____________________________ бр.______, поднесе барање до Занаетчиската комора - ______________, за упис во Занаетчискиот регистар опишана во диспозитивот на ова решение и кон барањето ги приложи сите потребни докази согласно член 12 став 4 од Законот за занаетчиство.

Врз основа на изнесеното Занаетчиската комора - _____________, решавајќи по барањето бр.____________ од ____________ година утврди дека се исполнети условите за упис на дејноста во Занаетчискиот регистар и врз основа на член 12 став 4 и член 35 став 1 од Законот за занаетчиство се донесе решение како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на неговиот прием до Министерството за економија.

ДОСТАВЕНО ДО:
-подносителот на барањето-занаетчијата
-Управа за јавни приходи
-Фонд за ПИО
-Фонд за здравствено осигурување
-Агенцијата за вработување
-Централен регистар и
-Архивата на комората

м.п

Одговорно лице,

________________

ПРИЛОГ 2

## З А Н А Е Т Ч И С К А   Д О З В О Л А

На вршителот на занетчиска дејност /ТП/ ДООЕЛ/ ДОО ________________________________ од ________________, ул. ______________ бр. _____ со ЕМБГ ____________________ врз основа на член 12 став 6 од Законот за занаетчиство му се издава Занаетчиска дозвола за вршење на следните занаетчиски дејности:

______________ - ________________________________________.

(шифра на дејност) (назив на дејноста)

Вршителот на занаетчиска дејност /ТП/ ДООЕЛ/ ДОО, може да врши само занаетчиски дејности што се наведени во Занаетчиската дозвола освен во случаите кога со закон е определено дека може да врши и други дејности.

На вршителот на занетчиска дејност, трговец поединец, друштво со ограничена одговорност и друштво со ограничена одговорност основано од едно лице, со денот на престанување на занаетчиска дејност му престанува да важи Занаетчиската дозвола.

Бр. _____________________ ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА

Скопје, _________________ м.п Одговорно лице,